Službeni vesnik SR
Makedonije
Skopje
fah 51

# СЛУЖБ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки македонски албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 5 август 1971

БЕЛГРАД

БРОЈ 34 ГОД. XXVII

Цена на овој број е 6 динари. — Претплатата за 1971 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226 — Телефони централа 50-931, 50-932, 50-933 и 50-934; Претплатна служба 51-732; Продажна служба 51-671

**439.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДСТВАТА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за средствата на работните организации, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 28 јули 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 28 јули 1971 година.

ПР бр 1044
28 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ,** с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДСТВАТА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за средствата на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/68, 24/68, 48/68, 42/69, 55/69 и 28/70) во член 66 зборот: „трајно" се брише.

Член 2

По член 66 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 66а

Вложувањето средства од странски содоговорувач во домашна работна организација, по правило, е долгорочно.

Со договорот може да се определи странскиот содоговорувач да вложува средства во домашна работна организација и на определено време, со тоа што тоа да не може да биде покусо од времето потребно за остварување целите на деловната соработка.

Член 66б

Договорот за вложувањето на средствата за заедничко работење не може да се раскине со спогодба на договорните странки пред истекот на договорниот рок.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, со договорот за вложување на средства за заедничко работење може да се предвиди:

1) право на раскинување на договорот, ако од заедничкото работење во две последователни години се остваруваат загуби или ако деловните резултати се остваруваат во значителна мера под предвидените резултати;

2) право на едната страна да го раскине договорот, ако другата страна не ги извршува обврските што ги презела со договорот."

Член 3

Во член 69 став 2 по точка 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а) ако со договорот предвидениот вкупен износ на средства што го вложуваат содоговорувачите во заедничкото работење не обезбедува остварување на условите од точка 2 на овој став;".

По точка 5 се додава нова точка 5а, која гласи:

„5а) ако со договорот предвидените средства што ги вложува странскиот содоговорувач се помали од 1,500 000 динари;".

По став 9 се додава нов став 10, кој гласи:

„Сојузниот секретар за стопанство, зависно од природата и видот на работите, ќе пропише, по потреба, во кои случаи странскиот содоговорувач може да вложи во домашна работна организација средства во помал износ од 1,500.000 динари;."

Член 4

Во член 73 ст. 4 до 6 се бришат.

Член 5

По член 73 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 73а

Странскиот содоговорувач има право на трансфер на вложените средства, односно на остатокот на вложените средства, ако договорот за заедничко вложување престанал поради остварување на деловните цели односно со истекот на договореното време, ако договорот е раскинат поради причините предвидени во овој закон или ако со договорот е предвидено странскиот содоговорувач да може да ги повлекува вложените средства делум и за време на важењето на договорот.

Трансферот на средствата според став 1 на овој член се врши согласно сојузните прописи за девизното работење.

Член 73б

Ако по регистрацијата на договорот за вложување средства на странско лице во домашна работна организација се измени законот што го регулира тоа вложување, врз односите уредени со тој договор ќе се применуваат одредбите на договорот и законот што важеле на денот на регистрацијата на договорот, ако тоа е поповолно за содоговорувачите или ако тие определени прашања спогодбено не ги уредат поинаку, согласно со одредбите на изменетиот закон.

Одредбата на став 1 од овој член не се однесува на плаќањето на обврските спрема општествената заедница."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**440.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ДЕВИЗНИ КВОТИ ЗО УВОЗ НА ОПРЕМА ВО 1971 ГОДИНА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ СТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ

Се прогласува Законот за измена и дополнение на Законот за посебните девизни квоти за увоз на опрема во 1971 година за определени стопански објекти, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 28 јули 1971 година и на седницата на Стопанскиот собор од 28 јули 1971 година.

ПР бр. 1047
28 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ДЕВИЗНИ КВОТИ ЗА УВОЗ НА ОПРЕМА ВО 1971 ГОДИНА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ СТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Законот за посебните девизни квоти за увоз на опрема во 1971 година за определени стопански објекти („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/71) во член 6 став 1 зборовите: „оваа година" се заменуваат со зборовите: „онаа година".

Член 2

Во член 9 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„За задолжување на овластените банки за увоз на опрема на кредит во границите на кредитните квоти од член 3 став 1 на овој закон, како и за гаранциите што овластените банки ги даваат за кредитните работи со странство за увоз на опрема во границите на тие кредитни квоти, овластените банки не се должни да држат неангажиран дел девизи пропишан врз основа на член 18 од Законот за кредитните работи со странство."

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**441.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 28 јули 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 28 јули 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ПОЗАЈМИЦА ОД СРЕДСТВАТА НА РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Од средствата на резервниот фонд на федерацијата на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина ѝ се одобрува бескаматна позајмица во износ од 100,000.000 динари заради обезбедување средства за текуштото финансирање на работите за отстранување на последиците од земјотресот што се случи во Босанска Краина во октомври 1969 година.

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука Социјалистичка Република Босна и Херцеговина ќе му ја врати на резервниот фонд на федерацијата најдоцна до 30 ноември 1971 година.

3. Сојузниот секретар за финансии ќе се грижи и, по потреба, ќе презема мерки за извршување на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 466
28 јули 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ,** с. р.

| | |
|---|---|
| Претседател на Општествено-политичкиот собор, | Претседател на Соборот на народите, |
| **Радомир Коматина,** с. р. | **Мика Шпиљак,** с. р. |

---

**442.**

Врз основа на Уставниот амандман IX точка 1 став 3, во врска со член 7 став 4 од Законот за извршување на сојузниот буџет за 1971 година, Сојузната скупштина, по претходно прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Соборот на народите од 28 јули 1971 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 28 јули 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕТСМЕТКИТЕ НА ПРИХОДИТЕ И НА РАСПОРЕДИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ПОСЕБНИТЕ СМЕТКИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА, СОЈУЗНИТЕ СОВЕТИ И СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 1971 ГОДИНА

1 Во Одлуката за одобрување на претсметките на приходите и на распоредите на приходите на посебните сметки на сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71), во точка 1 на крајот на потточка 9 точката се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови потточки, кои гласат:

„10) претсметките на посебната сметка на Сојузниот секретаријат за стопанство, и тоа:

а) за заштита на растенијата — со вкупно планирани приходи од 7 141.861 динар, со вкупно распоредени приходи од 4,652.328 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 2,489.533 динари,

б) за работи на ветеринарството — со вкупно планирани приходи од 6,073 923 динари, со вкупно распоредени приходи од 4,383.000 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 1,690.923 динари;

в) за контрола на квалитетот на земјоделските производи наменети за извоз — со вкупно планирани приходи од 2,990 000 динари, со вкупно распоредени приходи од 1,283.840 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 1,706.160 динари;

11) претсметката на посебната сметка на Сојузниот хидрометеоролошки завод за 1971 година со вкупно планирани приходи од 1,519.832 динари, со вкупно распоредени приходи од 960 832 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 559.000 динари;

12) претсметката на посебната сметка на Југословенскиот завод за стандардизација — со вкупно планирани приходи од 2.820 000 динари, со вкупно распоредени приходи од 1,787.500 динари и со нераспоредени приходи (резерва) од 1,032.500 динари."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр 465
28 јули 1971 година
Белград

Потпретседател
на Сојузната скупштина,
**Маријан Брецељ,** с. р.

| Претседател на Општествено-политичкиот собор, | Претседател на Соборот на народите, |
|---|---|
| **Радомир Коматина,** с. р. | **Мика Шпиљак,** с. р. |

**443.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 2, издавам

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА СОЈУЗЕН ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се прогласува Одлуката за избор на Сојузен извршен совет, што ја усвои Сојузната скупштина, на заедничката седница на Соборот на народите и на Општествено-политичкиот собор од 30 јули 1971 година.

ПР бр. 4
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVIII точка 1 став 3, во врска со Уставниот амандман IX точка 1 став 3 алинеја 4, Сојузната скупштина, на предлог од Претседателот на Републиката за избор на претседател на Сојузниот извршен совет, како и на предлог од кандидатот кого Претседателот на Републиката го предложи за претседател на Сојузниот извршен совет за избор на членови на Сојузниот извршен совет и врз основа на мислењето од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, на заедничката седница на Соборот на народите и на Општествено-политичкиот собор од 30 јули 1971 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА СОЈУЗЕН ИЗВРШЕН СОВЕТ

I

Заради усогласување на составот на Сојузниот извршен совет со Уставниот амандман XXXVIII се разрешуваат од должност досегашниот претседател, потпретседателите и сите членови на Сојузниот извршен совет.

II

За претседател на Сојузниот извршен совет се избира Џемал Биедиќ.

За членови на Сојузниот извршен совет се избираат:

1. Стојан Андов,
2. Момчило Цемовиќ,
3. Бошко Димитриевиќ,
4. Вуко Драгашевиќ,
5. Душан Глигориевиќ,
6. Мухамед Хаџиќ,
7. Трпе Јаковлевски,
8. Иво Јеркиќ,
9. д-р Борисав Јовиќ,
10. Мирјана Крстиниќ,
11. д-р Емил Лудвигер,
12. Никола Љубичиќ,
13. Марко Орландиќ,
14. Благој Попов,
15. Имер Пуља,
16. д-р Јаков Сиротковиќ,
17. Јанко Смоле,
18. Борис Шнудерл,
19. Мирко Тепавац,
20. Геза Тиквицки,
21. д-р Антон Вратуша.

III

Од редот на избраните членови на Сојузниот извршен совет се именува за потпретседател на Советот:

д-р Јаков Сиротковиќ.

IV

Од редот на избраните членови на Сојузниот извршен совет се именуваат за сојузни секретари, и тоа:

Мирко Тепавац, за сојузен секретар за надворешни работи;

Никола Љубичиќ, за сојузен секретар за народна одбрана;

Бошко Димитриевиќ, за сојузен секретар за стопанство;

Јанко Смоле, за сојузен секретар за финансии;

Мухамед Хаџиќ, за сојузен секретар за надворешна трговија; и

Вуко Драгашевиќ, за сојузен секретар за труд и социјална политика.

**Сојузна скупштина**

АС бр 479
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## 444.

Врз основа на Уставните амандмани II точка 2 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, на заедничката седница на Соборот на народите и на Општествено-политичкиот собор од 30 јули 1971 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ НА ФУНКЦИОНЕРИ ШТО ГИ ИМЕНУВА И РАЗРЕШУВА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

I

Се разрешуваат од должност:

1. Драгољуб Будимовски, сојузен секретар за информации,

2. д-р Рикард Штајнер, генерален директор на Сојузниот завод за општествено планирање,

3. Лојзе Скок, заменик-сојузен секретар за информации,

4. Вуко Меденица, заменик-генерален директор на Сојузниот завод за општествено планирање, и

5. Јован Мариновиќ, секретар на Информативната служба на Сојузната скупштина.

II

Поради преминување на нова должност, се разрешуваат од должност:

1. Димо Кантарџиски, судија на Врховниот суд на Југославија,

2. Ѓуро Меденица, заменик-претседател на Сојузниот совет за правосудство, и

3. д-р Антон Вратуша, заменик-државен секретар за надворешни работи.

**Сојузна скупштина**

АС бр 478
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

## 445.

Врз основа на Уставните амандмани XXXVI точка 21 став 1 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, а во врска со член 217 став 1 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и со член 8 од Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани XX до XLI, Сојузната скупштина, на предлог од Претседателот на Републиката, а по прибавеното мислење од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, на заедничката седница на Соборот на народите и на Општествено-политичкиот собор од 30 јули 1971 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

За членови на Советот на федерацијата се избираат:

1. Вера Ацева,
2. Нисим Албахари,
3. Иво Андриќ
4. Михаило Апостолски,
5. Љупчо Арсов,
6. Антон Аугустинчиќ,
7. Виктор Авбељ,
8. Спасенија Бабовиќ,
9. Филип Бајковиќ,
10. Владимир Бакарич,
11. Алеш Беблер,
12. Влајко Беговиќ,
13. Анка Берус,
14. Богдан Брецељ,
15. Звонко Бркиќ,
16. Саво Брковиќ,
17. Јосип Цази,
18. Душан Чалиќ,
19. Родољуб Чолаковиќ,
20. Етхем Ќамо,
21. Угљеша Даниловиќ,
22. Пеко Дапчевиќ,
23. Оскар Давичо,
24. Боро Дрмончиќ,
25. Демир Фируз,
26. Страхил Гигов,
27. Иван Гошњак,
28. Александар Грличков,
29. Фадиљ Хоџа,
30. Авдо Хумо,
31. Јосип Хрнчевиќ,
32. Алберт Јакопич,
33. Славко Јаневски,
34. Владо Јањиќ,
35. Ѓурица Јојкиќ,
36. Блажо Јовановиќ,
37. Павле Јовичевиќ,
38. Нико Јуринчиќ,
39. Анте Јурјевиќ,
40. Јово Капичиќ,
41. Осман Карабеговиќ,
42. Едвард Кардељ,
43. Лазар Колишевски,
44. Славко Комар,
45. Вељко Ковачевиќ,
46. Иван Крајачиќ,
47. Вицко Крстуловиќ,
48. Боге Кузмановски,
49. Михаило Лалиќ,
50. Војо Лековиќ,
51. Франц Лескошек,
52. Иван Мачек,
53. Шефкет Маглајлиќ,
54. Мехмед Малиќи,
55. Веселинка Малинска,
56. Пашага Манџиќ,
57. Миха Маринко,
58. Слободан Марјановиќ,
59. Мома Марковиќ,
60. Цвијетин Мијатовиќ,
61. Милош Миниќ,
62. Милутин Морача,
63. Карло Мразовиќ,
64. Андрија Мугоша,
65. Душан Мугоша,
66. Ашим Мустафа,
67. Коста Наѓ,
68. Војо Николиќ,
69. Богдан Орешчанин,
70. Ѓоко Пајковиќ,
71. Радован Папиќ,
72. Раде Пехачек,
73. Пуниша Перовиќ,
74. Душан Петровиќ,
75. Крсто Попивода,
76. Владимир Поповиќ,
77. Елисие Поповски,
78. Ѓуро Пуцар,
79. Добривое Радосављевиќ,
80. Хиџет Рамадани,
81. Петар Релиќ,
82. Марко Ристиќ,
83. Иван Рукавина,
84. Ида Сабо,
85. Павле Савиќ,

86. Владимир Симиќ,
87. Видое Смилевски,
88. Петар Стамболиќ,
89. Велимир Стојниќ,
90 Владо Шегрт,
91. Лидија Шентјурц,
92 Пал Шоти,
93. Мика Шпиљак,
94. Борко Темелковски,
95. Мијалко Тодоровиќ,
96. Војо Тодоровиќ,
97. Вида Томшиќ,
98. Иво Вејвода,
99 Јован Веселинов,
100. Јосип Видмар,
101. Вељко Влаховиќ,
102. Тодор Вујасиновиќ,
103 Светозар Вукмановиќ,
104. Вељко Зековиќ,
105. Борис Зихерл, и
106. Милорад Зориќ.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 480
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина,** с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак,** с. р.

**446.**

Врз основа на член 164 став 1 точка 6 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставниот амандман IX точка 1 став 3 алинеја 4, во врска со член 217 став 1 точка 2 и со член 243 ст. 2 и 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со член 8 од Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани XX до XLI и со член 9 од Законот за Уставниот суд на Југославија, Сојузната скупштина, на предлог од Претседателот на Републиката, а по прибавеното мислење од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, на заедничката седница на Соборот на народите и на Општествено-политичкиот собор од 30 јули 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И СУДИИ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

I. За претседател на Уставниот суд на Југославија се избира Блажо Јовановиќ, досегашен претседател на Уставниот суд на Југославија.

II. За судии на Уставниот суд на Југославија се избираат:

1. д-р Александар Фира, досегашен судија на Уставниот суд на Југославија,

2. Раде Главиќ, претседател на Одборот за одбрана и безбедност на Покраинското собрание на Социјалистичка Автономна Покраина Косово,

3 Димо Кантарџиски, судија на Врховниот суд на Југославија,

4. Ѓуро Меденица, досегашен заменик-претседател на Сојузниот совет за правосудство,

5. д-р Стане Павлич, претседател на Комитетот на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија за надворешна трговија,

6. Ненад Петровиќ, претседател на Врховниот суд на Босна и Херцеговина,

7. Боривое Ромиќ, општествено-политички работник од Белград, и

8. Таип Таипи, член на Соборот на народите на Сојузната скупштина.

III. Наместо д-р Јован Ѓорѓевиќ кој е избран за претседател на Уставниот суд на Србија, за судија на Уставниот суд на Југославија се избира д-р Борислав Благоевиќ, редовен професор на Правниот факултет во Белград.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 481
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина,** с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак,** с. р.

**447.**

Врз основа на член 164 став 1 точка 6 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во врска со Уставните амандмани II точка 2 став 1 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на заедничката седница на Соборот на народите и на Општествено-политичкиот собор од 30 јули 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ НА СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Поради истекот на четири години од именувањето на сегашната функција, се разрешува од должноста Рајко Гаговиќ, секретар на Сојузниот извршен совет.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 482
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина,** с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак,** с. р.

**448.**

Врз основа на Уставните амандмани II точка 2 став 1 и IX точка 1 став 3 алинеја 4, во врска со член 74 став 1 од Законот за Службата на општественото книговодство, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на заедничката седница на Соборот на народите и на Општествено-политичкиот собор од 30 јули 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

За генерален директор на Службата на општественото книговодство се именува Антон Полајнар,

досегашен претседател на Сојузниот совет за труд.

**Сојузна скупштина**

АС бр. 483
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Радомир Коматина**, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

**449.**

Врз основа на член 11 став 1, во врска со член 24 став 1 точка 5 и чл. 184 и 185 од Законот за избор на сојузни пратеници („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/69), донесувам

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ТРИНАЕСЕТ ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на тринаесет пратеници за Сојузната скупштина, и тоа:

за Соборот на народите на Сојузната скупштина се избираат: два пратеника во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, два пратеника во Социјалистичка Република Македонија, два пратеника во Социјалистичка Република Словенија, еден пратеник во Социјалистичка Република Хрватска и два пратеника во Социјалистичка Република Црна Гора;

за Стопанскиот собор на Сојузната скупштина се избира по еден пратеник во изборните единици 50 — Загреб III и 63 — Птуј;

за Општествено-политичкиот собор на Сојузната скупштина се избира по еден пратеник во изборните единици 55 — Скопје I и 111 — Неготин.

2. Дополнителните избори ќе се одржат, согласно одредбите на Законот за избор на сојузни пратеници („Службен лист на СФРЈ“, бр. 3/69), и тоа:

за Соборот на народите на Сојузната скупштина до 29 октомври 1971 година;

за Стопанскиот собор на Сојузната скупштина на 26 октомври 1971 година;

за Општествено-политичкиот собор на Сојузната скупштина во недела на 24 октомври 1971 година.

3. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат од 1 септември 1971 година.

Бр. 020-134/71-1
30 јули 1971 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

**450.**

Врз основа на член 2 став 3 од Законот за компензации на производителите на определени прехранбени производи поради зголемувањето на цените на земјоделските производи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/71), сојузниот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА ШТО СЕ ФОРМИРААТ ОД ДЕЛ НА СОЈУЗНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ

1. Средствата за компензации на организациите на здружениот труд од член 1 на Законот за компензации на производителите на определени прехранбени производи поради зголемувањето на цените на земјоделските производи (во понатамошниот текст: Законот) се обезбедуваат, од 29 јули 1971 година до 30 септември 1971 година, со примена на процентите од член 2 на Законот, и тоа:

1) од вкупно остварениот приход од сојузен данок на промет на стоки на мало, пред неговата распределба на одделни корисници, се пресметува 7% и добиениот износ се пренесува на посебната сметка од точка 2 на ова упатство.

При пресметувањето на износот за компензации според став 1 на оваа одредба од наплатениот сојузен данок на промет на преработки од тутун, како основица за пресметување се зема вкупно наплатениот износ на тој данок од кој се врши непосредното издвојување според Законот за издвојување дел на приходот од сојузниот данок на промет на преработки од тутун за стимулирање и унапредување на производството на суров тутун („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/71);

2) од вкупно остварениот приход од сојузен данок на промет на надоместоците за вршење услуги се пресметува 5,4% и добиениот износ се пренесува на посебната сметка од точка 2 на ова упатство.

2. Во смисла на одредбите од ова упатство како приходи од сојузен данок на промет на стоки на мало се подразбираат приходите уплатени на сметките од точка 5 одредба под а) под 1 до 8 и точка 12 под 16 и 17 на Наредбата за уплатување на приходите на општествено-политичките заедници и општествените фондови („Службен лист на СФРЈ“, бр. 60/70), а како сојузен данок на промет на надоместоците за вршење услуги се подразбираат приходите уплатени на сметките од точка 5 одредба под а) под 9 и одредба под д) под 25 до 28.

3. Средствата за компензации пресметани според точка 1 на ова упатство, се водат на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство.

4. Службата на општественото книговодство ќе обезбеди евиденција по републики и автономни покраини за износот на сојузниот данок на промет од точка 1 на ова упатство, кој се води на посебната сметка од точка 3 на ова упутство.

5. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 7-8763/1
29 јули 1971 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за финансии,
**Анте Зелиќ**, с. р.

**451.**

Врз основа на точка 3 од Решението за определување царински контингенти („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 27/66, 48/67, 54/67, 8/68, 13/69, 37/69, 30/70, 36/70, 40/70, 56/70, 8/71, 21/71 и 24/71), во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за финансии донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТ И НА ПОНИСКИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ ЗА УВОЗ НА СУРОВИНИ И РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА 1971 ГОДИНА

1. На увозот на суровини и репродукциони материјали од подолунаведените тарифни броеви на Царинската тарифа, за 1971 година наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа, односно во Решението за определување пониски царински стопи за стоките за кои е предвиден царински контингент („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/70, 22/70 и 18/71), ќе се применуваат следните царински стапки:

| Тарифен број | Наименување | Царинска стапка |
|---|---|---|
| 27.04/1а | Кокс ситен, до 268.000 t | Сл. |
| 27.04/1б | Кокс металуршки, до 320 000 t | Сл. |
| 27 04/1в | Кокс леарски, до 93.000 t | Сл. |
| 27.10/3б | Авионски бензин | Сл. |
| 37.02/2 | Двојно емулгирани филмови за здравството | Сл. |
| 47.01/3 | Целулоза висококвалитетна, белена | Сл. |
| 47.01/4-7 | Каустична целулоза и сулфатна целулоза белена, освен онаа од тар. број 47.01/3; целулоза бисулфитна белена, освен онаа од тар. број 47.01/3 | Сл |
| 53.05 | Волна од овци или од јагниња и друга животинска длака (фина или груба), влачена или чешлана, без оглед дали е под или над 30 микрони | Сл. |
| 82.05/3б | Дијамантски дискови | Сл. |
| 84.11/2 | Компресори за фрижидери | 18% |
| 85.20/2 | Спирали за сијалици | 16% |
| 85.20/4 | Подножја за сијалици од сите видови и за флуоресцентни цевки | 15% |
| 85.20/6 | Друго (електроди за сијалици и VTF-фитили за живини сијалици) | 21% |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-8700/1-71
27 јули 1971 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за финансии,
**Анте Зелиќ**, с. р.

**452.**

